**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 31.10.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 11 | 3948 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **<u>редовен</u>**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница

**3. Датум на извршување на надзорот:** 31.10.2023 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23):

4.1. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, освен телешопингот и рекламите“.

4.2. член 141 став 13 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.

**5. Претходно изречени мерки: нема**

6. Констатации од надзорот:

Со надзорот беше констатирано дека Трговско друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Р.С.Македонија, на ден 26.10.2023 година, за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Super RTL", кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на операторот Трговско друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**